32186 Нова Македонија, Скопје, 13647, 19. II. 1985, 7.

ДИРЕКТОРСКИ ВАРИЈАЦИИ

# Тома Прошев во Скопје

Пред година и пол на чело на Загрепската филхармонија дојде Тома Прошев. Во тоа време Филхармонијата, беше на пресвртница на својот развој и со доста проблеми. Со доаѓањето на Прошев Филхармонијата доживеа нов работен импулс, што се одрази и врз мошне успешното гостување во СР Германија, каде што во 15 градови доживеаја големи овации од публиката. Но кратко време потоа Прошев почна да има здравствени проблеми кои неколку месеци го одделија од животот и работата во Филхармонијата што повторно создаде дисхармонија во колективот. Расчекорот помеѓу обврските и физичките можности беше причина Тома Прошев неодамна да даде оставка на местото директор на Филхармонијата. За оваа оставка постојат различни интерпретации, а д-р Тома Прошев ни ја даде следнава изјава:

— Поради нарушеното здравје одлучив да дадам оставка на работното место директор на Загрепската Филхармонија и наскоро се враќам во Скопје на моето поранешно работно место (на кое инаку би се вратил по истечувањето на мандатот во Филхармонијата) — професор на Факултетот за музичка уметност. Жал ми е што не сум во можност своите планови и плановите на Филхармонијата да ги исполнам до крај.

М. Т.

## Вељо Кочишки — в.д. директор на Операта

По оставката на директорот на Операта при Македонскиот народен театар од Скопје, Благоја Николовски, за вршител на должноста директор поставен е Вељо Кочишки, доскорашен директор на сценската техника, а потоа помошник на директорот на Операта за оперативни прашања. За диригент на Операта е назначен Мјечислав Новаковски, а за координатор на активностите околу спроведувањето на годинашниве Мајски оперски вечери избран е Васил Кортошев.

Инаку, се уште не се знае кога ќе биде распишан конкурс за нов директор на Операта, а управникот на МНТ Ристо Стефановски вели дека тоа ќе биде наскоро. Само да потсетиме мандатот на в. д. директорот може најмногу да трае шест месеци, а поранешниот директор даде оставка кон крајот на минатата година.

Пред стапувањето на должност на новиот директор не е на одмет да кажеме дека Благоја Николовски, поранешниот директор, даде оставка само по една година, зашто не можеше да се „вклопи" во новата средина. Сега повторно се врати на Факултетот за музичка уметност, како и Тома Прошев, впрочем.

## Слободанка Парлиќ — Баришиќ нов директор на МСУ

Од 13 февруари со четиригодишен мандат на местото директор на Музејот за современа уметност во Скопје ќе стапи Слободанка Парлиќ — Баришиќ, повеќегодишен виш кустос во Музејот и досегашен раководител на одделението за документација.

Досегашната директорка Соња Абаџиева, за разлика, од нејзините погоре спомената колеги не оди на факултет, туку останува во Музејот на современа уметност како кустос-советник и раководител на изложбеното одделение. Иако неофицијално се дознава дека по завршувањето на директорскиот мандат Соња Абаџиева има намера да оди на подолготрајно патување во странство.

S. Г.